ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

**Општина Битола објавува**
**Јавен повик за учество во програмата на**
**„БИТ ФЕСТ 2019“**

Општина Битола,оваа година по 13-ти пат го организира „БИТ ФЕСТ“

**Предмет на јавниот повик** – кофинансирање на манифестации и проекти од областа на културата:
- музичко и музичко – сценска уметност
- театар
- ликовна уметност
- видео, фото, филмска уметност
- литература
- фолклор
- нови уметности

Вкупниот износ на средства кои се предвидени со овој повик е 4 000 000 денари. Општина Битола го задржува правото да ја смени оваа сума (намали или зголеми) во зависност од исходот на овој повик за апликации. Општина Битола исто така го задржува правото да не додели дел или сите расположливи средства и истите да ги пренамени за други јавни повици.

**Право на учество на јавниот повик** имаат сите заинтересирани субјекти, физички лица, правни лица, Здруженија на граѓани, владини организации и јавни установи од областа на културата (со седиште во Општина Битола). Ако апликантот е со седиште во друга општина, проектот/активноста треба да се случи на територија на општина Битола.

**Потребни документи за пријавување за правни лица:**
**-** Барање (Апликација)
- Копија од Решение за регистрација
- Копија од Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 месеци
- Изјава од овластено лице на апликантот дека по реализацијата на активноста до Општина Битола ќе се доставaт наративен извештај и финансиски докази за направените трошоци (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка) во текот на активноста (Проектот) заверена на нотар (во оригинал)

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Одделение за јавни дејности

**Потребни документи за физички лица:**

**-**Барање (Апликација)

-Изјава дека по реализацијата на активноста до Општина Битола ќе се доставaт наративен извештај и финансиски докази за направените трошоци (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка) во текот на активноста (Проектот) заверена на нотар (во оригинал)**.**

**Критериуми за оценување на проектите:**

- Опис на Проект/Програмата/активноста – 30 бода
- Биографија или профил на апликантот (реализирани проекти и минато искуство) – 30 бода
- Релевантност на проектот и степенот на влијание врз квалитетот на културниот живот на општина Битола – 20 бода

-Финансиски план (буџет) – активностите се соодветно изразени во буџетот – 20 бода

Општина Битола го задржува правото со колкав износ финансиски ќе ги поддржи прифатените проекти.

Апликацијата за учество во програмата на „БИТ ФЕСТ 2019“ мора да биде пополнета на компјутер (пријави напишани на рака нема да бидат прифатени) и да биде поднесена на македонски јазик. Апликацијата е достапна на веб страницата на Општина Битола **www.bitola.gov.mk**

Повикот трае од 29.05.2019 до 07.06.2019

Краен рок за поднесување на апликацијата со прилозите во 1 примерок е петок 7-ми јуни 2019 год. до 16 часот. Овој краен рок е валиден и за апликациите со прилозите доставени лично (на рака), пратени преку пошта или курирска служба. Сите апликации со прилозите мора да бидат примени од страна на општина Битола пред крајниот рок (а не само пратени). Датумот на испраќање нема да биде земен во предвид.

Апликацијата со прилозите која е поднесена лично, преку пошта или курирска служба мора да биде доставена пред истекот на крајниот рок на следнава адреса: Општина Битола, Булевар 1 Мај бр.61, Битола, со назнака за „БИТ ФЕСТ 2019“ или по електронски пат на e-mail: culture@bitola.gov.mk

Ненавремена, нецелосна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата

Одлуката на Комисијата за избор на прифатени апликации е конечна.

Апликантите коишто имаат забелешки на процесот или оценувањето, може да поднесат барање за појаснување до Општина Битола, кое мора да биде во пишана

форма, во рок од 10 дена по известувањата за доделени средства, а треба да се поднесе во Архивата на Општина Битола или на електронската адреса culture@bitola.gov.mk Поднесувањето приговор нема да ја одложи или промени одлуката на Комисијата за избор на прифатени апликации.

Телефон за контакт 047 208 339 или 047 208 347